

Прим.Др.Ана Кедева-Петрова

Прим.Др. Ана Кедева-Петрова
офталмолог/офталмохирург.
Раководител на Одделот за Офталмологија во Градската Опста Болница "8-ми Септември"- Скопје.

Родена во Штип. Основно и средно образование завршени во Штип. Дипломирана на Медицински Факултет во Скопје.

Работев како доктор по општа медицина во Медицински Центар - Штип. Потоа специјализирав офталмологија на Клиниката за Очни Болести во Скопје, истовремено со магистерските студии по офталмологија. Истата ја завршив со успех во март 1990 год. Како офталмолог работев во Очно Одделение при Медицински Центар-Штип до Март 1993год.
Потоа, од Март 1993год. работев во Одделението за Офталмологија во Воената Болница во Скопје, која од Февруари 2010 год. се трансформира во Градска Опста Болница "8-ми Септември". Во Април 2002 год. го стекнав звањето Примариус по офталмологија. Раководител на Одделението односно сегасниот Оддел за Офталмологија. Работам и како лиценцирано вешто лице од офталмологија , еден период и во Бирото за Судски вестачења на Р.Македонија. Од поцетокот до сега работам како офталмолог/офталмохирург . Од 1995год. сум и субспецијалист по страбологија и во периодот од 1995 до 2001год. работев дополнително и во Кабинетот за ортоптика и плеоптика, кој беше во склоп на Одделението за Офталмологија при тогашната Воена Болница- Скопје. Активно имам учествувано и учествувам на сите домашни и повеќето Европски и светски офталмолошки конгреси, симпозиуми и семинари со сопствени стручни трудови. Дел од нив се објавени во домашни и странски стручни списанија. Од 2004 год. до 2009 год. бев активен член на Европското Здружение за Катарактна и Рефрактивна Хирургија. Член сум и на Управниот Одбор на Здружението на Офталмолозите на Р. Македонија и на Уредувачкиот Одбор на Macedonian Journal of Ophthalmology.